Република Македонија
Јавна детска градинка "ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ"
на општина Кисела Вода
Бр. 02-714/1
13.06. 2019 год.
СКОПЈЕ

**ЈАВНА ДЕТСКА ГРАДИНКА “ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ –**

**НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ГРАД СКОПЈЕ**

# *ПРАВИЛНИК*

ЗА НАЧЕЛАТА НА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА
на ЈДГ “Весели Цветови“ – на ОКВ во Град Скопје

Скопје, Јуни 2019 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018 и 198/2018), и член 27 став 9 од Статутот на Јавната Детска Градинка „Весели Цветови"- на општина Кисела Вода во Град Скопје, Управниот одбор на Јавната Детска Градинка „Весели Цветови"- на општина Кисела Вода во Град Скопје, на ден 12.06.2019 година, донесе

**П Р Е Д Л О Г - П Р А В И Л Н И К**
**за начелата на внатрешна организација на**
**ЈДГ "Весели Цветови" – на ОКВ во Град Скопје**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдува основ на поставената внатрешната организација на дејноста згрижување и воспитание на деца, делокругот на работата, како и работата на службите, одговорноста и меѓусебните односи, управувањето и раководењето во ЈДГ "Весели Цветови"- на ОКВ во Град Скопје (во понатамошниот текст: јавната детска градинка).

Член 2

Внатрешната организација на јавната детска градинка е утврдена согласно Законот за заштита на деца и е организирана во служби.

Работите и задачите се групираат според видот, обемот, сложеноста, меѓусебна поврзаност, видот и степенот на стручна подготовка и други посебни услови за нивно извршување.

Член 3

Со внатрешната организација се обезбедува законито, стручно, ефикасно работење на јавната детска градинка.

## ОРГАНИЗАЦИОНИ ОБЛИЦИ

### Управен одбор

Член 4

Со јавната детска градинка управува Управниот одбор кој согласно Законот за заштита на деца е именуван од Советот на Општината и брои 7 седум члена и тоа: два претставника од основачот, еден претставник од Министерството за труд и социјална политика, еден претставник од градот Скопје, два претставника од Советот на родители и еден претставник од Стручниот совет на градинката.

Со Управниот Одбор раководи претседател на УО, а во случај на отсуство или спреченост го заменува заменик претседателот. Записникот на седницата го води записничар.

Управниот Одбор на јавната установа својата функција на управување ја остварува преку седници на УО.

Управниот Одбор работи според деловникот за работа и одлучува со мнозинство на гласови.

Членовите на Управниот Одбор се именуваат за период од 4 години.

**Орган на раководење**

Член 5

Орган на раководење во јавната детска градинка е директорот.

Директорот е законски застапник на јавната детска градинка.

Директорот на јавната детска градинка се именува од страна на Градоначалникот на Општина Кисела Вода за период од четири години.

**Стручни органи**

Член 6

Во јавната детска градинка стручни органи се:

-стручен совет

-совет на воспитувачи

-совет на негователи

Член 7

Стручниот Совет го сочинуваат директорот, стручните работници, стручните соработници и лица со посебни овластувања.

Стручниот совет работи на состаноци кои ги свикува и со нив раководи директорот како и по барање на 3(три) члена на Стручниот совет.

Стручниот Совет работи според Деловникот за работа и одлучува со мнозинство на гласови.

Член 8

Советот на воспитувачи го сочинуваат воспитувачите во јавната детска градинка.

Советот на воспитувачи го свикува и со него раководи директорот на јавната детска градинка.

Член 9

Советот на негователи го сочинуваат негователите во јавната детска градинка.

Советот на негователи го свикува и со него раководи директорот на јавната детска градинка.

**Орган за внатрешна контрола**

Член 10

За вршење на внатрешна контрола на работењето на јавната детска градинка, основачот формира орган за надзор.

Органот за надзор го сочинуваат три члена кои се избираат со мандат во траење од четири години.

**Совет на родители**

Член 11

Совет на родители го сочинуваат претставници на родителите чии деца престојуваат во јавната детска градинка.

Советот на родители брои 7(седум) члена.

Со Советот раководи претседателот кој го избираат членовите на Советот на родители.

Советот на родители работи според Деловникот за работа.

**Служби**

Член 12

Организационен облик во јавната детска градинка се службите.

Службите се формирани согласно работните места и видот на работните задачи, степенот и видот на образованието , како и целите кои треба да се остварат согласно законот.

Јавната детскатa градинка е организирана во три служби и тоа:

1. Служба за административни работи и управување со човечки ресурси
2. Служба на даватели на услуги
3. Помошно техничка служба

**СЛУЖБА ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Член 13

Служба административни работи и управување со човечки ресурси врши правни, административни, сметководствени и финансиски работи и управување со човечки ресурси и се грижи за ефикасно и законско работење на градинката.

Служба административни работи и управување со човечки ресурси е организирана со 4 работни места.

**СЛУЖБАТА НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ**

Член 14

Службата на даватели на услуги врши стручни работа, згрижување и образование на децата од предучилишна возраст во четири категории и тоа :

-стручни работници
-стручни соработници

-воспитувачи
-негователки

## ПОМОШНО ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

Член 15

Помошно техничката служба е организирана во четири категории и тоа:
- -одржување на објекти и опрема
- -превоз на лица и опрема
- -технички лица во кујна
- -други помошно технички лица

Член 16

Бројот на извршители за секоја од службите се утврдува согласно Нормативите утврдени во Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на јавната детската градинка.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Овој Правилник може да се измени и дополни на начин и постапка како и при неговото донесување.

Член 18

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува по добиената согласност од Советот на Општина Кисела Вода и Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 19

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за внатрешна организација на работните места на ЈДГ "Весели Цветови" – на ОКВ во Град Скопје со број 01-1288 од 24.07.2015 год.

Член 20

Составен дел на овој Правилник е Органограмот на работните места во јавната детска градинка.

Претседател на УО
Наташа Ѓорѓиева